АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 04.06.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2339/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21,154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен годишен
2. **Субјект на надзорот:** сите радиодифузери
3. **Период опфатен со надзорот:** 2024 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 јуни 2025 година
5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 15 став 5 од Законот за медиуми** („Службен весник на РМ“ бр. 184/13 и 13/14 и „Службен весник на РСМ“ бр. 63/24, 74/24, 218/24 и 87/25) („Радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му достават писмен извештај, за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Северна Македонија или надвор од неа. Писмениот извештај се доставува на образец кој го пропишува надлежното регулаторно тело.“)

6. **Претходно изречена мерка:** /
7. **Констатации од надзорот:**

Сите 90 радиодифузери (36 телевизии и 54 радија) со дозволи за радио или телевизиско емитување, ја исполнија обврската од член 15 став 5 од Законот за медиуми да достават извештаи за спроведувањето на обврските утврдени во дозволите во 2024 година. Во законски утврдениот рок, до 31 март во тековната година, извештаите ги доставија вкупно 28 телевизии и 48 радија. Следниве радиодифузери ги доставија извештаите по 31 март 2025 година: РА Метрополис, РА Еко, РА Голди, РА Кочани, РА Акорд, РА Ла Коста и телевизиите ТВ Алсат-М, ТВ Компани 21-М, ТВ М Нет-ХД, ТВ Едо, ТВ Њуз, ТВ Спектра, ТВ ГУРРА и ТВ Шутел.

Според податоците од доставените извештаи, сите радиодифузери, генерално биле во рамки на програмските концепти утврдени во дозволите за емитување.

Од анализата ги издвојуваме следниве податоци:

**Телевизии**

Според добиените податоци за 2024 година, само 4 телевизии, од вкупно 36, емитувале помалку од 168 часа програма неделно. Сите други емитувале програма 24 часа дневно, односно по 168 часа програма неделно.

Во однос на структурата на емитуваната неделна програма, сите телевизии пријавија дека минатата година направиле извесни промени во рамки на своите формати, и во минутажата и во изборот на емитуваните жанрови кај програмите од сите медиумски функции (информативна, образовна и забавна).

Најголем дел од телевизиите, до 50% од програмата ја создавале надвор од своите простории, додека 12 телевизии повеќе од половина од програмата создавале надвор од просториите. Емитуваната сопствена програма во просек изнесувала околу 56 часа неделно. Доминирала информативната програма со 43%. Кај 9 телевизии подеднакво била застапена информативната, забавната и образовната сопствена програма, а кај 4 телевизии доминирала забавната сопствена програма.

Просечно на неделно ниво, кај сите телевизии најзастапена била програмата изворно емитувана на јазикот од дозволата со 67.56%. Титлуваната програма просечно зафаќала 28.75%, нахсинхронизираната 13,61%, истовремено титлуваната и нахсинхронизираната 11.46%, а просечно неделно 7,90% од програмата кај телевизиите била без говорен дел.

Над половина од телевизиите (20 ТВ) емитувале програма од странски сервиси, поточно, ги емитувале вестите од Гласот на Америка.

Програми за деца емитувале 28 телевизии.

Во врска со обврската на регионалните и локалните ТВ од општ формат да емитуваат програми во кои ќе третираат настани, информации и други содржини од подрачјето на кое го емитуваат програмскиот сервис, 13 телевизии пријавија дека од подрачјето најмногу емитувале содржини со информативна функција, 3 телевизии подеднакво емитувале содржини со информативна, забавна и образовна функција, кај 11 ТВ еднакво биле застапени програмите со информативна и забавна функција.

Во однос на законската обврска за емитување најмалку 30% македонски аудиовизуелни дела на дневно ниво, 30 телевизии изјавиле дека емитувале повеќе од законскиот минимум, а 6 телевизии дека се во рамките на законскиот минимум.

Програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура емитувале 24 телевизии во текот на годината, со просечно емитувани 201 час ваква програма годишно.

Речиси сите телевизии минатата година емитувале изворно создадена домашна музика на македонски јазик и на јазиците на другите етнички заедници.

Речиси половина, односно 19 телевизии емитувале програма и содржини за лица со сетилна попреченост.

11 телевизии изјавија дека ја реемитувале програмата во странство.

Свои веб страници минатата година одржувале 29 телевизии. Исто толку ТВ изјавија дека не поседуваат технологии кои би им го олесниле пристапот на лицата со сетилна попреченост (оштетен слух и вид) до нивните веб страници, само шест телевизии одговорија дека поседуваат пристапни веб страници.

На 22 телевизии програмата им била достапна во живо на интернет (стриминг), а на 9 телевизии дел од содржините им биле достапни по барање (on demand).

Во однос на проблемите со кои се соочуваат во текот на работењето, најголем дел од нив пријавија потешкотии со финансирањето, малиот рекламен пазар и одливот на реклами кај други медиумски услуги.

**Радија**

Добиените податоци за 2024 година покажуваат дека во изминатата година сите 54 радија емитувале 168 часа програма неделно.

Музиката кај сите радија се издвојува како најдоминантна во структурата на емитуваната неделна програма.

Во однос на структурата на говорниот дел од неделната програма, најзастапени биле програмите со забавна функција која доминирала кај 30 радија, втори по застапеност биле содржините со информативна функција кај 14 радија, кај едно радио доминирале програмите со образовна функција, а кај едно радио бил еднаков процентот на содржините со информативна и со забавна функција. Во овие податоци не се вклучени осум радија кои според форматот се музички радија и кај кои говорот изнесува до 5% од вкупната програма.

Согласно дозволите за радио емитување, само три радија имаат обврска програмата да ја емитуваат на повеќе јазици. Кај две од овие радија минатата година доминирале програмите на македонски јазик.

Сопствена програма, до 20 часа на неделно ниво емитувале 25 радија, 20 радија емитувале над 20 часа сопствена програма, а само едно радио пријави дека во текот на изминатата година не емитувало сопствена програма. Ова прашање не се однесува на радијата кои според форматот се музички радија.

Од 54 радија, 31 радио емитувало вести од сопствено производство, и тоа: 15 радија емитувале кратки вести до 5 минути, 12 радија емитувале вести во времетраење од 5 до 15 минути, две радија емитувале вести над 15 минути, а две радија не известија за времетраењето на вестите.

Од вкупниот број на радија, само шест радија пријавија дека во текот на минатата година емитувале вести произведени од друг домашен радиодифузер, агенција или пак од странски сервис. Емитувале вести од Гласот на Америка, МИА, Телевизија 24 Вести, Макфакс, Радио Слободна Европа и од радио Канал 77.

На прашањето дали третирале настани, информации и други содржини од значење за подрачјето на кое се емитува програмскиот сервис, а кое важи за регионалните и локалните радија, 32 радија одговорија позитивно и тоа: 11 радија објавувале локални содржини од информативен карактер, седум радија од забавен, четири радија од образовен карактер, кај осум радија локалните информации биле обликувани во содржини кои исполнуваат информативна и забавна функција, а кај две радија емитуваните локални содржини биле од сите три функции. Оваа обврска не важи за радио сервисите на државно ниво и за музичките радија (вкупно 12 радија).

Програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура, емитувале вкупно 18 радија. Кај 13 од нив времетраењето на програмите било помалку од 100 часа годишно, а кај останатите пет радија времетраењето било над 100 часа годишно.

Најголемиот дел од радијата, односно 50 радија емитувале домашна музика која била изворно создадена во државата, на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се во мнозинство, а останатите четири радија пријавиле дека во текот

на минатата година не емитувале домашна музика. Како најзастапена музика по вид, може да се издвои популарната музика кај 40 радија, потоа народната музика кај 12 радија, а две радија емитувале еднаков процент на популарна и народна музика. Во однос на јазикот на емитуваната музика, преовладувал македонскиот јазик, а по него радијата најчесто емитувале музика на англиски јазик.

Во изминатата 2024 година пет радија пријавиле дека се соочиле со проблем при исполнување на програмскиот концепт и тоа: три радија поради технички причини, едно поради финансиски причини и едно поради други наведени причини.

Во однос на информациите за техничките средства, едно радио пријавило дека програмскиот сервис минатата година се реемитувал во државата и во странство.

На само 4 радија, веб сајтовите им биле достапни за лицата со сетилна попреченост.

На 52 радија вкупната програма или нејзини делови им била достапна на интернет, и тоа, 50 радија емитувале програма во живо (streaming), а две радија по барање (on demand).

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог-мерка: /**

***Сектор за програмски работи***